Борче ИЛИЕВСКИ

# МАКЕДОНСКО – СРПСКИТЕ ЦРКОВНИ ОДНОСИ И ВЛИЈАНИЕТО НА ДРЖАВНИТЕ ФАКТОРИ ВРЗ НИВ (1944 – 1967)

По одржувањето на Првото заседание на АСНОМ на 2-ри август 1944 година и конституирањето на Македонија како држава во југословенската федерација не биле решени сите напластени проблеми со векови таложени врз македонската почва. Едно од тие нерешени прашања кое често се наоѓало во центарот на вниманието по Втората светска војна е македонското црковно прашање, односно барањето за автокефалност на Македонската православна црква и нејзиното прифаќање од страна на Српската православна црква, но и од државните власти.

Барањето за македонска црковна самостојност било покренато уште во текот на НОВ, на слободната територија во Дебарца, во есента 1943 година. На 11-ти октомври 1943 година во селото Црвена Вода од страна на Главниот Штаб била донесена одлука за формирање на неколку одделенија и служби во неговиот состав, а меѓу останатите било формирано и верското поверенство.[1] Ова поверенство било формирано по иницијатива на македонското свештенство, а со задача привремено да биде надлежно за црковната проблематика во Македонија. Во црковно - административен поглед архиерејското намесништво било поделено на девет парохии.[2]

Македонското свештенство земало активно учество и на АСНОМ. Помеѓу 116-те делегати на Првото заседание имало и четворица свештеници.[3] Важен чекор на патот за разрешување на македонското црковно прашање претставува формирањето на Иницијативниот одбор за организирање на црковниот живот во Македонија, во октомври 1944 година на слободната

---

[1] Миле Тодоровски, Формирањето и работата на Верското поверенство при Главниот Штаб, Весник на МПЦ, V/1963, 5-6, 162.

[2] Сеќавања на свештеникот Антим Поповски за создавање на верско поверенство при Главниот Штаб на НОВ и ПОМ на ослободената територија 1943 година, Весник на МПЦ v/1963, 165-166; Миодраг Periќ, Активности за возобновување на Македонската православна црква во текот на НОВ 1941 - 1944,ГИНИ, Скопје 1993, 37/1-2,85; Славко Димевски, Историја на Македонската православна црква, Скопје 1989, 1010 - 1012.

[3] Александар Трајановски, Црковно - народниот собор во Скопје и активноста на свештеникот Матоди Гогов за возобновување на Охридската архиепископија, Сп. Историја 35/36 1-4, Скопје 1995/96, 44.

територија во село Горно Врановци, Велешко, каде привремено бил сместен Главниот Штаб на НОВ и ПОМ.

Меѓутоа Српската православна црква, односно архиереите во Светиот Собор, не ни помислувале да го променат својот однос кон епархиите во Македонија, кои биле под нивна јурисдикција. Во почекоток на декември 1944 година по конечното ослободување на Македонија и делумното стабилизирање на состојбите, митрополитот Јосиф (Цвијовиќ) кој до април 1941 управувал со скопската митрополија го замолил Светиот архиерејски синод на Српската православна црква да се преземат мерки кај граѓанските и воените власти за да се дозволи враќање на свештенството и архиереите во како што истакнал „Јужна Србија". По тој повод бил замолен повереникот на Националниот комитет за внатрешни работи да ги издаде потребните упатства до граѓанските и воените власти за нивното непречено враќање во епархиите[4] во Македонија. Веројатно заради зафатеност со административни работи во Патријаршијата, како и заради тоа што не добил дозвола да замине во Македонија митрополитот Јосиф на 30-ти декември 1944 година побарал од пензионираниот поранешен епископ пеќки Јеротеј - роден тетовчанец, во случај на потреба привремено да администрира со скопската и охридско - битолската епархија. Епископот Јеротеј на ова барање дал своја писмена потврда, но до извршување на оваа одлука не дошло.[5] Во меѓувреме во редовите на Иницијативниот одбор за организирање на Православна црква во Македонија забрзано започнале да работат на организирање на Собор. Во овој период во Македонија постоела општа оценка дека треба да се прогласи автокефалност на Македонската православна црква, за што зборуваат и статиите од весникот Нова Македонија од овој период.[6] Во атмосфера на полно одобрување и прифаќање на автокефалноста на Македонската православна црква започнал Првиот црковно - народен собор. Соборот ја започнал својата работа претпладнето на 4-ти март 1945 година во салата на офицерскиот дом во Скопје. Соборот го поздравил претседателот на Президиумот Методија Андонов - Ченто, кој меѓу другото истакнал дека НОВ не се водел со идејата за борба против православната црква и верата воопшто и дека верниците имаат право на народна црква.[7] Во текот на работата на Соборот бил избран Одбор кој на Соборот му предложил резолуција во која се бара обновување на Охридската архиепископија како Македонска самостојна црква. Оваа ре-

---

[4] Српска православна црква у Другом светском рату (из архива светог синода), Београд 1991, 131; Виолета Ачкоска, Братството и единството 1944 - 1974 помеѓу хармонија и дисхармонија, Скопје 2003, 187 - 189.

[5] Српска православна црква у другом светском рату..., 132. Јеротеј (Гавриловиќ) роден на 20-ти септември 1873 во Тетово. Завршил богословија во Призрен и Теолошки факултет во Атина. До изборот за епископ бил наставник во Богословијата Св. Кирил и Методиј во Призрен. За епископ пеќки бил избран во 1926 година. Кога во 1931 епархијата била укината, тој бил пензиониран. Починал на 20-ти октомври 1946 во манастирот Раваница во Србија Епископ Сава, Епархије и епископи Српске православне цркве 1920-1970 Споменица СПЦ 1920 - 1970 Београд 1971.

[6] Нова Македонија II/53, 4-ти март 1945.

[7]Нова Македонија II/54, 6-ти март 1945.

золуција била усвоена од Соборот.[8]

Иницијативниот одбор за организирање на Православна црква во Македонија со телеграма од 9-ти март 1945 го запознал Светиот архиерејски синод на СПЦ со Соборските решенија.[9] По овој повод на 12-ти март 1945 во Белград била одржана епископска конференција на која бил донесен заклучок дека акцијата на Иницијативниот одбор за организирање на Православна црква во Македонија и Соборот во Скопје „се неканонски и за акцијата на овој одбор ништо неможе да се суди и пресудува". Истиот ден седница одржал и Синодот на СПЦ при што се согласил со заклучоците на епископската конференција.[10]

По вака донесената одлука митрополитот Јосиф на 2-ри април 1945 година го известил Синодот дека основал црковен суд за скопската епархија кој привремено бил сместен во Врање.[11] Синодот на Српската православна црква на заседание одржано на 22-ри септември 1945 година донел одлука под број 1279 и пов. 81 запис 471 каде меѓу останатото во точка 2 од оваа одлука се вели: „го смета прогласувањето на некаква независна Македонска православна климентова црква извршено во Скопје на 4-ти март 1945 на некој божем црковно - народен македонски Собор како целосно самоволен и неканонски акт".[12]

Со тек на времето под притисок на властите како републички така и сојузни, во Македонија слабее движењето за автокефалност и со одлуките на Свештеничката конференција од мај 1946 година барањето за автокефалност се заменува со автономност. Новото раководство на Иницијативниот одбор барало начин за решавање на прашањето преку компромис со СПЦ. Една делегација од Македонија го посетила српскиот патријарх Гаврил кој штотуку се вратил во земјата.[13] Оваа делегација ја сочинувале свештеникот Нестор Поповски претседател на Иницијатиовниот одбор, свештениците Кирил Стојанов, Илија Мукаетов, Боро Станковски, членот на Иницијативниот одбор и народен пратеник Лазар Танев и вероучителот Борис Бошковски. Средбата се одржала во седиштето на Српската патријаршија во Белград, а на неа присуствувале и митрополитот Јосиф (Цвијовиќ) и свештеникот Милан Смиљаниќ. На средбата станало збор за создавање на Македонска православна црква во рамките на една Југословенска патријаршија (идеја која во овој период била застапувана од некои структури пред се на сојузно ниво), во која одделните цркви на федералните единици би биле застапени со свои архиереи во

[8] Весник на МПЦ, бр. 1/ 67, орган на Македонската Архиепископија - Резолуција од Првиот црковно - народен собор.

[9] Ђоко Слијепчевић, Историја Српске православне цркве, Београд, 169.

[10] Српска православна црква у другом светском рату...,134.

[11] Драган Клакиќ, Времето на Колишевски, Скопје 1994, 306.

[12] Одлука на Синодот на СПЦ од 22-ри септември 1945, Гласник на СПЦ 1945.

[13] Српскиот патријарх Гаврил на чело на СПЦ бил од 1938 година. За време на војната прво бил затворен во Србија, а потоа интерниран во логорот Дахау, пред се заради организирање на демонстрациите во март 1941. Во Југославија се вратил во ноември 1946 година (Мемоари патријарха српског Гаврила, Београд 1990, 395).

Синодот и Соборот на СПЦ. Меѓутоа овој предлог од патријархот и од митрополитот Јосиф (Цвијовиќ) категорички бил одбиен, заедно со создавањето на Македонска православна црква и цврсто останале на ставот дека во Македонија треба да се вратат српските владици. И македонските републички раководители имале средби со српскиот патријарх Гаврил. На седница одржана на 13-ти мај 1947 година патријархот го информирал Соборот на СПЦ за посетата на Лазар Колишевски на Патријаршијата при што Соборот го одобрил неговиот одлучен став „во никој случај да не се попушта по прашањето на СПЦ во НРМ, а црковниот поредок да се сочува онаков каков што постоел со векови". На оваа седница на Соборот митрополитот Јосиф за прв пат изразил спремност да се повлече од скопската епархија доколку е тој пречка за решавање на проблемот, но патријархот сметал дека за вакво повлекување не треба да се дискутира.[14]

Македонско - српските црковни односи биле разгледувани повеќе пати на партиските пленуми или на комисиите чиј предмет на интерес биле верските прашања. За решавање на „црковниот проблем" - како што често се истакнувало во партиските документи, биле ангажирани највисоките и највлијателни државни и партиски раководители. Во партиските анализи провејува констатацијата дека после ослободувањето на земјата македонското црковно прашање минало низ повеќе периоди. Периодот во кој се барала автокефалност за Православната црква во Македонија од партиските структури бил оквалификуван како крајно штетен во кој македонското свештенство според партиските анализи било инструирано од непријателски структури, овој период траел до пролетта 1946, кога е отстрането дотогашното раководство на Иницијативниот одбор по што од негова страна бил застапуван ставот од Српската патријаршија да се бараат автономни права за црквата во Македонија, на крајот да се отстапи дури и од зборот автономни права, а барањата биле сведени на административни мерки и македонски епископат.[15] Во септември 1950 година ЦК КПМ донел повеќе заклучоци во врска со статусот на Православната црква во Македонија која според партиските согледувања во овој период морала да биде во тесна канонска врска со СПЦ. Признавањето на канонското и црковно единство со СПЦ, било со цел да дојде до консолидација на црковните прилики и како што тогаш се мислело правилно решавање на македонското црковно прашање.[16]

Во 1950 година починал патријархот Гаврил и за нов поглавар на СПЦ најверојатно со одредена помош на тогашните власти бил избран епископот Викентиј (Проданов), кој во периодот 1939 - 1941 бил злетовско - струмички епископ. Патријархот Викентиј воспоставил поблиски односи со тогашната власт. Бил сестрано образован човек со богато административно искуство во

[14] Српска православна црква у другом светском рату...,158 - 159.

[15] Државен Архив на Република Македонија (во понатамошниот текст ДАРМ), фонд Републичка комисија за односи со верските заедници, к.1, Проблеми во Православната црква во НРМ, 2.04.1953.

[16] ДАРМ, фонд ЦК КПМ/СКМ 427.27/133, Предлог решења питања цркве у Македонији, Записник од состанокот на ЦК КПМ од 05.09.1950.

црквата. Никогаш не ги одбивал преговорите со власта по било кое прашање и иако релативно кратко се наоѓал на чело на СПЦ, умрел на 5-ти јули 1958 година, успеал да воспостави нов однос меѓу СПЦ и властите.[17] За разлика од неговиот претходник, патријархот Викентиј бил добар дипломат и вешт преговарач. Тој знаел да воспостави баланс во односите меѓу црквата и државата во рамките на тогашните можности, а прашањата кои не и биле во интерес на СПЦ, особено македонското црковно прашање, мошне успешно знаел да ги одолговлекува. По изборот на новиот патријарх од кого во Македонија, особено во црковните кругови многу се очекувало, Иницијативниот одбор во 1951 година испратил писмо до Светиот архиерејски собор на СПЦ во кое изразил подготвеност да ја признае јурисдикцијата на Српската православна црква, под услов за македонските епархии да се изберат епископи Македонци и во администрацијата во овие епархии да се употребува македонскиот јазик.[18]

Меѓутоа, кај добар дел од српските архиереи не постоела подготвеност за прифаќање на овие барања. По овој неуспех за постигнување на договор со СПЦ настапил период на мирување од двете страни. Барања со слична содржина од страна на Иницијативниот одбор до Патријаршијата во Белград биле испратени во 1954 и наредната 1955 година, но Соборот на СПЦ, повторно не ги прифатил барањата. Во барањата испратени 1955 се предвидувало епархиите во Македонија да бидат управувани од домородни архиереи. Се барало во член 14 од Уставот на СПЦ да се внесе текст со следната содржина: „и Православната црква во НР Македонија со епархиите скопска, охридско - битолска и злетовско - струмичка, службен јазик во црквата во НРМ е македонскиот а богослужбен црковно - словенскиот.“ Во барањата се истакнувало дека ова се последните отстапки што Иницијативниот одбор ги прави и нивното негирање или модифицирање не би биле прифатливи.[19] Во истиот период ова прашање повторно било разгледувано од партиските и државни инстанци. Притоа главно бил заземан став дека за прашањето на Македонската православна црква не треба да се истапува со решенија кои би ги заостриле односите во Федерацијата и дека треба да се спроведува умерена политика. Одредени републички партиски функционери како што бил Љупчо Арсов, сметале дека тешко може да се прават натамошни компромиси во однос на македонското црковно прашање (се мисли на предлозите на Иницијативниот одбор од 1951), а Страхил Гигов смета дека ова прашање што поскоро мора да се тргне од дневен ред и да се реши во соработка со Иницијативниот одбор за организирање на Православна црква во Македонија.[20]

[17] Ђоко Слијепчевић, Op. cit., 202 - 203.

[18] Славко Димевски, Оп. цит. 1051 - 1052; Доне Илиевски, Автокефалноста на Македонската православна црква, Скопје 1972, 132

[19] ДАРМ, фонд Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 1, Информации од Иницијативниот одбор.

[20] ДАРМ, фонд ЦК КПМ/СКМ, 427.66.41/336 - 342, Записник од седницата на Извршниот комитет на ЦК СКМ од 16.11.1956.

И сојузните органи го разгледувале ова прашање и не ретко се залагале да се прифатат сугестиите кои доаѓале од СПЦ, во смисол патријархот Викентиј да се прифати како администратор на епархиите во Македонија, а во овие епархии да се изврши избор на членови на епархиските одбори, кои би ги назначил самиот патријарх. Од страна на сојузната комисија за верски прашања се предлагало името на МПЦ да биде Православна црква во НР Македонија.[21] Конечно на 4-ти април 1957 дошло до спогодба со раководството на СПЦ, а патријархот бил признат за администратор на епархиите во Македонија, под услов администрацијата да не биде подолга од времето на две заседанија на Соборот, па се верувало дека македонското црковно прашање набргу ќе се реши. По постигнување на спогодбата Иницијативниот одбор го поканил патријархот да ја посети Македонија. Тој со делегација од СПЦ во мај 1958 година ја посетил Македонија при што бил мошне свечено пречекан. Патријархот Викентиј дал повеќе изјави во кои се најавувало скорешно решавање на македонското црковно прашање.[22]

Во врска со решавањето на црковното прашање во Македонија тогашниот жички епископ Герман во разговор со претседателот на Сојузната комисија за верски прашања, изразил мислење дека повеќето епископи се негативно расположени кон барањата поставени од Македонија. Епископот Герман сметал дека на Соборот во врска со ова прашање одлучувачки ќе биде ставот на патријархот „доколку патријархот биде енергичен со барањето прашањето да се реши, доколку го образложи со силни аргументи, прашањето може да биде решено. Но доколку патријархот биде колеблив и неодлучен дозволувајќи на Соборот да се изнесуваат разни мислења, ставови и предлози прашањето тешко ќе помине“.[23] По заседанието на Соборот во 1958 се остварила вторава претпоставка на епископот Герман и додека Иницијативниот одбор во се постапил според договорот од 1957, Соборот на СПЦ ја прекршил спогодбата отстапувајќи од дадените ветувања. Во Македонија на сите им станало јасно дека состојбата на црковен план е крајно неприфатлива и се пристапило кон организирање на Вториот црковно народен собор. Сега кога заради приликите создадени од СПЦ по одржувањето на соборот од мај 1958 и наспроти општото расположение за автокефалност во Македонија, државните и партиските структури заземале став којшто во иднина ќе се покаже како неправилен. Имено се прифаќало создавање на Македонска православна црква, но таа да остане во канонско единство со СПЦ изразено преку заедничкиот патријарх, односно МПЦ требало да има статус поголем од автономија но помал од автокефалност.[24] Во периодот кога почнале подго-

[21] ДАРМ, фонд Републичка комисија за односи со верските заедници, к.1, Записник са седнице савезне комисије за верска питања.

[22] Драган Кљакиќ, Op. cit., 318 - 320; Доне Илиевски, Архиепископот Охридски и Македонски Доситеј, Скопје 1995, 41.

[23] ДАРМ, фонд Републичка комисија за односи со верските заедници, к.1, Мишљење епископа Германа о решењу црквеног питања у Македонији.

[24] ДАРМ, фонд Извршен совет, к-143 Информација за актуелните проблеми за окончување на македонското црковно прашање.

товките за црковно-народниот собор патријархот Викентиј починал, а за нов потријарх со одлучувачка помош на власта бил избран дотогашнит жички епископ Герман.[25] Иницијативниот одбор ја разгледал новонастанатата ситуација на проширен пленум што се одржал на 23-ти јули 1958 во Скопје. Било заклучено дека вината за нерешавањето на ова прашање паѓа на Архиерејскиот собор на СПЦ. Покрај решение за свикување на црковно-народниот собор на кој било предвидено да се изберат и тројца епископи за епархиите во Македонија, било решено на Соборот да му биде предложено обновување на Охридската архиепископија која би била во канонско единство со СПЦ преку заедничкиот патријарх.[26] Посебно внимание било посветено на изборот на поглаварот на Македонската православна црква. Иницијативниот одбор излегол со мислење дека најсоодветна личност за оваа должност би бил долгогодишниот кандидат на Иницијативниот одбор за архиереј во Македонија викарниот епископ топлички во СПЦ г. Доситеј. Во црковните кругови во Македонија настапило големо олеснување кога епископот Доситеј ја прифатил кандидатурата од Иницијативниот одбор и покрај притисокот што го вршеле врз него во Синодот на СПЦ, решил да замине во Македонија. Тој го напуштил Белград инкогнито токму заради овие притисоци.[27]

Откако биле извршени сите подготовки, Вториот македонски црковно-народен собор отпочнал со работа на 4-ти октомври 1958 година во Охрид во присуство на 221 соборјанин. На Соборот бил поднесен извештај во кој покрај останатото се подвлекувал негативниот однос на СПЦ, кон решавање на црковното прашање во Македонија. Се предлагало ова прашање да се решава самостојно. Соборот го прифатил овој предлог, заедно со предлогот за обнова на Охридската архиепископија како Македонска православна црква, но бил прифатен и ставот поглаварот на СПЦ да се признае како поглавар на МПЦ, со што се ограничувала самостојноста на Македонската православна црква. Во одлуката донесена на Соборот меѓу останатото се вели: „овој црковно - народен собор одлучи да се обнови старата македонска Охридска архиепископија која беше присилно укината, а нејзините епархии беа приклучени кон Цариградската патријаршија во 1767 година и истата се вика „Македонска православна црква“. Во седмата точка од одлуката се вели заради одржување на црковно - канонското единство на Православната црква во ФНРЈ, Македонската православна црква ќе го признава патријархот на Српската православна црква како врховен поглавар на православната црква. Единството на православната црква го репрезентира патријархот.[28] На 5-ти октомври бил востоличен поглаварот на МПЦ, Доситеј, а потоа биле избрани и архиере-

---

[25] Милан Д. Јанковић, Патријарх Герман у животу и борби за спомен храм, Београд, 2001, 10-14

[26] ДАРМ, фонд Републичка комисија за односи со верските заедниоци, к.1 Нови напори за решавање на прашањето на Православната црква во Македонија

[27] За животот и делувањето на првиот поглавар на возобновената Охридска архиепископија во лицето на Македонската православна црква, Доне Илиевски, Архиепископот Охридски и Македонски Доситеј, Скопје 1995.

[28] Гласник на МПЦ, 1959, I/1, Историски собор.

ите за преспанско-битолската епархија Климент и за злетовско - струмичката епархија Наум. Одлуките на Вториот црковно - народен собор предизвикале најразлични реагирања сред епископатот на СПЦ. Одредени епископи барале вонреден Архиерејски Собор и осуда на Соборот од Охрид. Но преовладало мислењето да не се носат избрзани одлуки. Бил донесен заклучок најнап-ред да се добијат официјалните материјали, а дури потоа да се носат одлуки. Меѓутоа, на соборското заседание од 1959 година архиереите на СПЦ морале да донесат одлука во врска со Македонската православна црква.[29] На 5-ти јуни 1959 година била одржана седница на законодавниот одбор на Соборот. На седницата биле поставени повеќе алтернативи за решавање на прашањето на МПЦ.[30] Поголем отпор кај архиереите на СПЦ постоел за хиротонија на идните епископи во Македонија. Особено се спротиставувале на хиротонијата на избраниот од Вториот црковно-народен собор епископ Наум.[31] И покрај различните ставови во Соборот на СПЦ на 17-ти јуни 1959 година Светиот архиерејски собор на СПЦ донел одлука во која меѓу другото се вели: „САС констатира дека скопската, охридско-битолската и злетовско-струмичката епархија на Црковен народен собор одржан во Охрид од 4-ти до 6-ти октомври 1958 година се издвоиле во самостојна Македонска православна црква која се раководи според Уставот донесен на овој Собот, но и натаму останува во канонско единство со Српската православна црква преку нејзиниот поглавар неговата светост патријархот на СПЦ". На крајот Архиерејскиот Собор заклучил дека со оваа одлука престануваат да важат прописите на Уставот на СПЦ за епархиите и архиереите на територијата на НР Македонија.[32] Веднаш по донесената одлука делегација на Српската православна црква предводена од патријархот Герман ја посетила Македонија. За време на оваа посета делегацијата била примена и од претседателот на Народното собрание на НРМ Лазар Колишевски. На 19-ти јули бил хиротонисан архимандритот Климент за епископ преспанско-битолски. Чинот на хиротонијата

[29] ДАРМ, фонд Републичка комисија за односи со верските заедниоци, к.1, Нови проблеми у односима МПЦ са СПЦ, 18.12.1958.

[30] Се разгледувале пет алтернативи: 1) да се осуди митрополитот Доситеј и Соборот да се прогласи за неканонски, 2) целото прашање да се затвори со давање на автокефалност на МПЦ, 3) да се даде автономија, 4) усвојување на постојната ситуација со извесни промени во Уставот на МПЦ и 5) да се одложи донесувањето на конечна одлука додека прашањето не се проучи детално. Првата и петтата солуција од законодавниот одбор веднаш биле отфрлени и за нив не се расправало. Овие предлози законодавниот одбор ги доставил до епископската конференција на која сепак преовладале умерени ставови за изнаоѓање на конечно решение. За осуда на соборот во Охрид се изјасниле само двајца епископи, захумско - херцеговскиот Владислав и рашко - призренскиот Павле. ДАРМ, фонд Републичка комисија за односи со верските заедници, к.2, документ од 5-ти јуни 1959 година.

[31] Против хиротонијата на епископот Наум биле следните архиереи: митрополитот загрепски д-р Дамаскин (Граданички) и епископите тимочки д-р Емилијан (Пиперковиќ), нишки д-р Јован (Илиќ), шабачко - ваљевски д-р Симеон (Станковиќ), сремски Макариј (Ѓорѓевиќ), бањалучки д-р Василиј (Костиќ) и захумско - херцеговски Владислав (Митровиќ). ДАРМ, фонд Републичка комисија за односи со верските заедници, к.2, Разговор со патријархот Герман.

[32] Славко Димевски, Op. cit., 1067 - 1068.

го извршил патријархот Герман во сослужение на архиепископот Доситеј и епископот бачки Никанор во црквата Св. Мина во Скопје.[33] На 26-ти јули 1959 архиепископот Доситеј и епископот Климент го хиротонисале епископот злетовско-струмички Наум во црквата Св. Николај во Штип.

Сега државното и партиско раководство во Македонија сметало дека успешно ќе може да се одвива процесот на конституирање и афирмација на МПЦ. Но позитивниот тек на настаните веднаш почнал да се нарушува со извесни истапувања на СПЦ, низ кои секогаш провејувала тенденцијата да се ограничат правата на МПЦ, да се попречи нејзината афирмација и сè почесто се поставувале барања за ревизија на платформата од 1959 година. СПЦ постојано се повикувала на наводното непотполно усогласување на Уставот на МПЦ со препораките што соборот ги дал во 1959 година, при што се одбивало претставувањето на Македонската православна црква пред останатите православни цркви. Тоа водело кон положбата МПЦ да има внатрешна самостојност, но за останатиот црковен свет таа била само внатрешна работа на СПЦ.[34] Ваквата состојба и се поголемите ограничувања на МПЦ биле отворени жаришта за постојани судири што по правило излегувале од рамките на црковните односи и влегувале во сверата на меѓунационалните релации.[35] Од највиските политички инстанци, од МПЦ и во средината на 60-те се барало пред сè заради политички причини да се зачува канонското единство меѓу Македонската и Српската православна Црква преку личноста на патријархот. По ова во МПЦ оправдано очекувале Српската црква со акт да ги извести останатите православни цркви за статусот на Македонската православна црква, со што таа би можела самостојно да општи со нив. Но до ова, се разбира, не дошло и на заседанието на Архиерејскиот Собор на СПЦ во 1965 година, прашањето не ни било поставено на дневен ред, заради, како што известиле, недостаток на време. Раководството на МПЦ било оправдано незадоволно, а дотогашниот статус на црквата го оценувала за неодржлив, заради непретставувањето на МПЦ пред останатите православни цркви.[36] Спорови во односите СПЦ - МПЦ имало и во врска со потребата за формирање на македонска православна епархија во странство. Иако СПЦ воопшто не била засегната од формирањето на оваа епархија, бидејќи се работело за македонска емиграција која безмалку воопшто немала контакти со СПЦ во странство, сепак во нејзините кругови владеело негатино расположение за ова прашање. Патријархот Герман често истакнувал дека МПЦ во странство треба да се потчини на постојните српски цркви, што очигледно зборува за непознавање на приликите сред македонското иселеништво.[37] На 3-ти март 1966, Архиепископот

---

[33] Гласник на МПЦ 1959, I/5, 17 - 18; Милан Д. Јанковић, Op. cit., 509.

[34] ДАРМ, фонд Извршен совет, к. 143, Информација за актуелните проблеми за окончување на македонското црковно прашање, октомври 1966.

[35] ДАРМ, фонд ЦК КПМ/СКМ 427.101.12/166 - 181, Мислења за конaчно сређивање статуса МПЦ.

[36] ДАРМ, фонд Републичка комисија за односи со верските заедниоци, к.5, Информација од 29.03.1966.

[37] ДАРМ, фонд ЦК КПМ/СКМ, 427.101.12/166-181, Информација од 29.01.1967.

Доситеј допатувал во Белград и разговарал со патријархот Герман и со членовите на Синодот за решавање на прашањето на МПЦ, односно за претставување пред останатите православни цркви. На овој состанок било заклучено на 15-ти и 16-ти март да се одржи заедничка седница на синодите на двете цркви. До ваква средба навистина дошло на 16-ти март, при што членовите на Синодот на СПЦ ја истакнале потребата да се зачува единството на СПЦ, а Македонската црква да остане под јурисдикција на српската, во Уставот на СПЦ да се внесе Македонската православна црква и нејзините епархии, а од македонските архиереи било побарано да учествуваат во работата на Архиерејскиот Собор на СПЦ, титулата на патријархот да биде „српски" и отворено истакнале дека погрешиле во 1959 година. На 23-ти мај 1966 година Соборот на СПЦ донел одлука која се однесува на Македонската православна црква. Во одлуката меѓу другото се вели: „Светиот архиерејски собор на СПЦ констатира дека МПЦ ја спровела својата организација останувајќи и понатаму во канонско единство со СПЦ преку патријархот српски, со тоа што во своите работи ќе се управува според Уставот чии одредби сега се формулирани според препораките на Светиот архиерејски собор, неможе да се менуваат без согласност на Соборот на СПЦ".[38] Со оваа одлука на СПЦ на некој начин биле поразени државните органи, особено на сојузно ниво, кои најповеќе инсистирале за канонско единство меѓу двете цркви. Сега овие органи сакајќи да се дистанцираат од проблемите во односите меѓу Српската и Македонската православна црква истакнувале дека ова е чисто црковно прашање и како такво треба да се препушти на црквата да го решава. Ваквиот став во основа одел во прилог на МПЦ, бидејќи конечно можела да дејствува во правец на прогласување на автокефалност. По јасно поставеното барање за автокефалност од страна на МПЦ на 25-ти април 1967 година во Белград се одржал состанок на кој присуствувале повеке сојузни и републички раководители. На состанокот било констатирано дека односите МПЦ - СПЦ се заоструваат заради различните ставови по повеќе прашања. Било констатирано дека овие односи особено се влошиле по одлуката на Соборот од 23-ти мај 1966 со која биле ревидирани ставовите од 1959 година.[39]

Во решавањето на македонското црковно прашање значајно внимание имале и односите меѓу СПЦ и државата, кои не така ретко биле оптоварени со недоверба и подметнување. Српската црква во автокефалноста на МПЦ гледала како на удар на нејзиниот организам и „деструктивно однесување на некои елементи од Македонија подржувани од властите". Некои српски великодостојници на Македонија гледале единствено како на „класичен српски југ".[40] Тие никогаш не навлегле во суштината на црковниот проблем, но и на македонскиот идентитет. За односот на некои од архиереите на СПЦ кон

[38] ДАРМ, фонд Републичка комисија за односи со верските заедниоци, к.5. Одлука на САС на СПЦ 23.05.1966; Доне Илиевски, Автокефалноста..., 58.

[39] ДАРМ, фонд ЦК КПМ/СКМ 427. 142.6/57-58, Белешка од седницата одржана на 25.04.1967; Крсте Црвенковски, Славко Милосавлевски, Нашиот поглед на времето на Колишевски, Скопје 1996, 172.

[40] Драган Кљакиќ, Op. cit., 313.

МПЦ и Македонија, можеби најдобро зборува изјавата на патријархот Герман од 1967 година при разговорот со тогашниот српски републички функционер Драги Стаменковиќ, дека признавањето на автокефалноста на Македонската православна црква за Српската црква е рамно на самоубиство.[41] Водејќи се од ваквите ставови Соборот на СПЦ на 24-ти мај 1967 донел одлука со која го одбил барањето за автокефалност на МПЦ поднесено од Синодот на МПЦ уште на 3-ти декември 1966.[42]

По сите овие настани и сеопфатни подготовки Синодот на Македонската православна црква го свикал Третиот црковно - народен собор на 17-ти јули 1967 во Охрид. Членовите на Синодот поднеле извештај за работата и за текот низ кој минале односите со СПЦ. На 18-ти јули на свечена седница Светиот архиерејски синод ја донел одлуката за прогласување на автокефалноста на Македонската православна црква. Во првиот член од одлуката се вели „Македонската православна црква - наследничка на обновената Охридска архиепископија се прогласува за автокефална“.[43] На вонредно заседание одржано на 14-ти и 15-ти септември Архиерејскиот Собор на СПЦ донел одлука во која меѓу другото се вели „бидејќи вишата ерархија на Македонската православна црква не ја прифати надлежно донесената одлука на САС на СПЦ, АС бр. 44/зап. 10 од 24 (11) мај 1967 година и самоволно и неканонски се отцепи од својата Мајка црква во расколничка верска организација, во согласност со споменатата одлука да се прекине со оваа ерархија службено и канонско општење и да се задолжи САС на СПЦ да поведе постапка против виновниците на расколот“.[44] Веднаш по ваквата реакција на СПЦ, Синодот на Грчката православна црква на вонредна седница расправал за ова прашање при што констатирал дека „формирањето на МПЦ ќе се смета за неканонски акт и незаконска постапка и ги прекинува сите врски со архиереите и свештенството на т.н. МПЦ.[45] Сепак и покрај ваквите реакции од страна на соседните православни цркви со прогласувањето на автокефалнста Македонската православна црква започнува една сосема нова етапа од својот развој, одејќи по патот кој пред неа го изоделе речиси сите православни цркви.

[41] Милан Д Јанковић, Op.cit., 415.

[42] Ђоко Слијепчевић, Op. cit., 244.

[43] Одлука за прогласување на автокефалноста на МПЦ, Весник на МПЦ IX/5-6, Скопје 1967.

[44] ДАРМ, фонд ЦК КПМ/СКМ, 427.142.8, Одлука Архијерејског Сабора СПЦ по питању проглашавање аутокефалности МПЦ, 15.09.1967.

[45] ДАРМ, фонд ЦК КПМ/СКМ, 427.142.12/74, Соопштение на грчкиот синод 15.09.1967; Виолета Ачкоска, Op.cit., 194.